Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 508 | www.mchamber.mk | 25.11.2022

# ГРАНИТ АД СКОПЈЕ - 70 ГОДИНИ УСПЕШНА ГРАДЕЖНА ПРИКАЗНА






## Азески на средба со амбасадорот на Австралија Данијел Емери

# ПОКРОВИТЕЛИ
## НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### ПРЕМИУМ Покровители

Алкалоид Скопје, EVN, vitaminka, T, Granit, IGM trade, Mermeren Kombinat, МЕПСО, ECM, Gulf, Пекабеско, euro Nickel, nextsense, VERO, Кожувчанка

### СТАНДАРД Покровители

Makprogres, Halkbank, OKTA, Zan Mitrev Clinic, Croatia osiguranje, Sparkasse, Стопанска банка АД - Скопје, Duna, seavus, cargo-partner, scalefocus

### СИЛВЕР Покровители

Мени, Socotab, Alliance One, Swisslion




Посетете : www.mchamber.mk

ISO 9001:2015

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia



# Азески – Ќура: Бизнисот е еден, имаме исти ставови за проблемите на стопанството



Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија (СКСМ), Бранко Азески денеска оствари работна средба со претседателот на Стопанската комора на северозападна Македонија (СКСЗМ) Менди Ќура.

На состанокот, на кој присуствуваше и дел од раководството на двете Комори беше оценето дека Коморите имаат исти ставови во однос на нивните заложби да го застапуваат бизнисот при што беше највено зацврстување на партнерските односи меѓу двете комори, како главни чинители во насока на креирање подобри бизнис услови во нашата земја.

„И досега сме покажале дека сме на иста бранова должина. Мислам дека нема да има промена во тој дел. Ги застапуваме интересите на бизнисите, фирмите и компаниите и во овие тешки услови. Земјава има свој правец, тоа се евроатлантските интерграции. Моментно чекаме да завршат политичките активности на партиите па ќе продолжиме понатаму. Тераме по агендата, но чекаме да завршат партиските активности па повторно ќе видиме со Владата“, изјави претседателот на СКСМ, Азески пред новинари.

И претседателот на СКСЗМ, Ќура потенцираше дека двете комори здружено ќе ги решаваат проблемите на бизнисот.

„Тука сме да отвориме нова страница и нова ера во нашата соработка, во насока да биде уште подобра и поквалитетна. Имаме исти проблеми и ние и Стопанската комора, но имаме и волја и согласност да настапуваме заеднички и заеднички да ги изнесеме ставовите за големите проблеми на стопанството во последните месеци“, изјави Ќура.

И двајцата претседатели се согласија дека во услови на енергетска криза енергетиката и натаму останува клучен проблем за стопанството, но не помалку важно е и немањето доволно човечки ресурси, односно квалификувана работна сила.

# МОЖНОСТИ И ПРЕДНОСТИ ЗА ВОДЕЊЕ БИЗНИС ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН




Можностите и придобивките од инвестирањето во регионот на Западен Балкан беше тема на Инвестициската конференција на Западен Балкан, што се одржа денес, во Љубљана, во организација на Коморскиот инвестициски форум на земјите од Западен Балкан (WB6 CIF) и Советот за регионална соработка (СРС).

Конференцијата понуди можност на едно место да се соберат европските инвеститори од Словенија, Италија, Хрватска и Австрија, агенциите за промовирање на инвестициите на Западен Балкан, министерствата одговорни за креирање на политиката за привлекување на инвестиции, регионалните организации и меѓународните финансиски институции.

Конференцијата ја отворија Пранвера Кастрати, координатор на Заедничкиот регионален пазар и Марко Чадеж, претседател на Управниот одбор на КИФ на земјите од Западен Балкан.

Координаторот на Заедничкиот регионален пазар истакна дека странските инвестиции, според извештајот на Светската банка, учествувале со 4,9% од БДП во регионот во 2019 година, 5,3% во 2020 година, 5,8% во 2021 година, а оваа година се проценува дека ќе придонесат со 5,2%. Сличен процент се предвидува и за претстојните две години. Според податоците, видливо е дека Западен Балкан станува сé поважна инвестициска дестинација, а тоа го потврдуваат 76% од граѓаните од Западен Балкан кои сметаат дека регионалната соработка е единствениот остварлив начин за напредок и 69 % од бизнисите од Западен Балкан кои ја разбираат и поддржуваат важноста на заедничката соработка во решавањето на предизвиците кои доаѓаат од надвор и од регионот.

Западен Балкан во изминатите 15 години ги привлече странските инвестиции пред сè, поради ниските трошоци на производство и почетните трошоци за работна сила, ниските даноци и дарежливите државни бенефиции за странските инвеститори. Денес Западен Балкан зазема сé поважно место на европската мапа за инвестиции поради измена на



пристапот за привлекување не само на трудоинтензивните, туку и на високотехнолошките претпријатија со иницијативите за олеснување на меѓусебната трговија и инвестициите за подобро поврзување со светот и создавање поголем заеднички пазар од скоро 20 милиони потрошувачи. Според коморите, заедничките проекти и иницијативите за посилна регионална интеграција, значително ќе го олеснат бизнисот во регионот, ќе ја зајакнат економијата, но и ќе придонесат за поголема политичка стабилност и ќе изградат доверба во регионот, што е многу важно за инвеститорите.

На конференцијата свое обраќање имаше заменик претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија и член на Управниот Одбор на НЛБ Групацијата, Антонио Аргир, кој истакна дека за отворање на можности за инвестирање и создавање солидна инвестициска средина на регионално ниво, неопходна е трансформација на образованието на регионално ниво за да може да ги следи промените и новите барања за вештини, ставови и начини на размислување на бизнисот во регионот. Тоа бара образовните програми да се креираат според барањата и препораките на бизнис заедницата. Аргир истакна дека многу млади луѓе ја напуштаат земјата и затоа мора да се инвестира во одржлива стратегија, вклучувајќи го и образованието, со цел да се задржат младите во регионот. Воедно сериозно треба да се размислува и за инфраструктурата односно за меѓусебната поврзаност, бидејќи за бизнисите тоа е од круцијално значење.

За позитивните искуства од вложувањата во регионот пред присутните инвеститори говореше извршниот директор на компанијата Сол Групацијата/ТГС Технички Гасови, Александар Чадиковски, компанија која 27 години е италијанска инвестиција.

Конференцијата претставуваше можност за споделување информации за рамката на инвестиции, претставување можности и предности за водење бизнис во Западен Балкан, споделување примери на успешни инвестиции во регионот и поддржаното вмрежување. Конференцијата ја претстави компаративната предност на регионот на Западен Балкан во споредба со другите дестинации на инвестирање, во однос на новите глобални настани и поблиску до снабдувачките синџири.

Заедничка презентација на инвестициските потенцијали на земјите од ЗБ и сведочења на водечките инвеститори, како што се НЛБ Групацијата; Колектор ЦЦЛ, Атлантик групација; Сол Групација/ТГС Технички Гасови, Сигал Иника Групација, Австрија; Микроелектроника и многу други кои се фокусира на стекнатото искуство, како и информација за клучните прашања на владите на земјите од ЗБ во поглед на новиот глобален и регионален развој,.

# Азески на средба со амбасадорот на Австралија Данијел Емери




Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески, денес оствари средба со амбасадорот на Австралија во Република Северна Македонија со седиште во Белград, Н.Е. Данијел Емери, со кого разговараа за економската соработка помеѓу двете земји.

На состанокот беше потврден заедничкиот интерес за натамошно унапредување на билатералната соработка со Австралија при што претседателот Азески најави и инцијатива за засилување на економската соработка, преку Коморскиот инвестициски форум (КИФ), кој веќе има обезбедено заеднички настапи на компаниите од регионот на саемите во Мостар, Тирана и Дубаи со 100% платени трошоци.

На средбата, претседателот Азески го информираше амбасадорот Емери за проектите коишто во моментот се реализираат во Комората, при што нагласи дека во фокусот на активностите е оспособување на кадар за стопанството на сите нивоа, преку дуалното образование и прекфалификација на постоечките кадри во државата. Истовремено Азески ги потенцираше и заложбите на



Комората во надминување на предизвиците со кои се соочуваат компаниите во услови на енергетска криза.

Од страна на амбасадорот Емери беше констатирано дека во нашата земја веќе има австралиски инвеститори, но и дека има услови за натамошно унапредување на економската соработа.

Претседателот Азески и амбасадорот Емери разговараа и за регионалните активности на Комората преку Опен Балкан и Коморскиот инвестициски фонд, кој е основан од страна на шесте стопански комори од регионот на Западен Балкан со цел да се интензивира соработката помеѓу коморите во насока на спроведување на заеднички активности кои се од интерес за бизнис-заедницата од регионот.

Соговорниците разменија мислења и за актуелните меѓународни прашања и регионални теми.



# Азески на средба со Маричиќ: Бизнисот бара департизација на институциите за олеснување на преговарачкиот процес со ЕУ



претседателот Бранко Азески денеска имаше работна средба со заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања, Бојан Маричиќ на која се разговараше за зајакнување на соработката на полето на евроинтеграциите и учеството на Стопанската комора во процесот на преговори.

На средбата претседателот Азески потенцираше дека улогата на комората во процесот на преговорите со ЕУ има клучна улога имајќи предвид дека транспонирањето на регулативата и обврските кои ќе се преземат треба да ги имлементираат самите компании. Беше истакнато и дека е потребна департизација на институциите, а како пример го наведе Државниот завод за статистика кој има клучна улога во оценката на реалните параметри на државата. Истовремено, на средбата Азески нагласи дека бизнис заедницата очекува земјата во преговарачкиот процес временски да ги усогласи и да не презема обврски кои имаат финансиски импликации за компаниите, во делот на прилагодување со ЕУ регулативата, ако тоа не е потребно, односно може да се одложи за одреден временски период.

Вицепремиерот и главен преговарач со ЕУ, Маричиќ информираше дека во декември ќе биде организирана јавна расправа за економските поглавја и кластери, каде што анализите и инпутот од бизнис заедницата имаат огромно значење за државата.

Со цел што е можно подобро исполнување на обврските, во следниот период ќе се врши подготовка за вклучување на претставниците на бизнис заедницата во работните групи кои се однесуваат на поглавјата поврзани со слободното движење, трговските марки, индустријата, либерализација на пазари во одредени области (како железницата, поштата) и системот на државна помош. Комората ќе го поткрепува целиот процес на преговори со соодветни анализи и консултации со засегнатите компании како поддршка на нивните барања.

На состанокот беше заклучено дека улогата на коморите, посебно на Стопанската комора на Северна Македонија, како највлијателна бизнис заедница, во процесот на преговарање со ЕУ е од голема важност бидејќи имаат клучна врска со компаниите и ќе обезбедат транспарентност на процесот.



# ГРАНИТ АД СКОПЈЕ - 70 ГОДИНИ УСПЕШНА ГРАДЕЖНА ПРИКАЗНА




ГРАНИТ АД Скопје е реномирана компанија посветена на реализација на сериозни проекти во сите сегменти на градежништвото и една од малкуте македонски градежни компании кои во моментот се присутни и на домашниот и на странскиот пазар со бројни стекнати референци и висококвалификувани расположливи кадровски капацитети.

На денешен ден, пред 70 години (1952 г.), со Владина Одлука е формирана ГД Гранит АД Скопје, како компанија за конструкција на патишта за потребите на Социјалистичка Република Македонија.

Како општествено одговорна компанија ГРАНИТ континуирано се залага и придонесува во развојот и зголемување на конкурентноста на македонскиот градежен сектор. Способноста, знаењето, искуството и стручноста на кадрите стојат зад успешното децениско работење на компанијата и ја прават една од предводниците на македонската градежна оператива.

Стопанската комора на Северна Македонија им го честита овој значаен јубилеј, со желби за многу години натамошна успешна работа и реализирани проекти!



# СО ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОДОБРИ РЕЗУЛТАТИ




На 17,18 и 22 ноември во Скопје, Штип и Струмица, Стопанската комора на Северна Македонија и Меѓународната финансиска корпорација (ИФЦ) одржаа бесплатни предавања пред бизнис заедницата на тема:"Предизвици и изнаоѓање нови алатки и можности за поддршка на фирмите-рани знаци на предупредување за настанување на инсолвентност и користење на медијацијата во решавање на стопанските спорови".

На предавањата беа присутни повеќе од 70 фирми. Со нив поразговаравме и околку состојбата со енергетската криза и поддршката што Комората им ја пружа во вакви исклучителни тешки времиња за стопанисување.

Предавачи беа д-р Јелисавета Георгиева Јовевска, потпретседател на Стопанската комора на Северна Македонија и Национален координатор за медијација како и Дејан Костовски, правен консултант во проектот на ИФЦ за „Решавање на долгови и деловен излез во Република Северна Македонија".

Соработката со ИФЦ продолжува и во следниот период.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Семинар
29.11.2022

# НАПРЕДНО НИВО НА ЕКСЕЛ ЗА ПИВОТ ТАБЕЛИ СО ПРАКТИЧНИ ПРИМЕРИ ОД МЕНАЏМЕНТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ПРОДАЖБА

Користите Ексел, но имате проблеми со обработка на податоците? Изберете ја оваа обука, која нуди тренинг за повисоко ниво на користење на пивот табелите, со најактуелните Ексел "типсови" со кој работењето станува многу побрзо и полесно.

Научете како ефикасно да ги користите опциите кои пивот табелите ги имаат во Ексел. Без формули и функции Вашите анализи стануваат реалност.

Користењето на пивот табелите е наједноставниот начин на работа со Екселот, а од друга страна нуди најефектни анализи. Станете "мастер" за пивот табели!.

Обуката е наменета за сите оние коишти сакаат да го унапредат своето работење со Екселот и да научат како да:

- Препознаваат ситуации во кои примената на пивот табелите може да помогне во процесот на одлучување;
- Да спроведуваат едноставна анализа во пракса користејќи MS Excel и на тој начин да издвојуваат дополнителни информации од собраните податоци;
- Интерпретираат различни нумерички податоци прикажани во деловните извештаи или критички да пристапат во вреднувањето на статистичките податоци пред носењето на деловни одлуки.

Предавач:

Проф.д-р Зоран Ивановски, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, реномиран регионален стручњак од областа на финансискиот менаџмент и предавач со долгогодишно искуство во земјата и странство..

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Семинар
29.11.2022

# НАЧИНОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ПОПИС НА СРЕДСТВАТА И ОБВРСКИТЕ И УСОГЛАСУВАЊЕ НА СМЕТКОВОДСТВЕНАТА СО ФАКТИЧКАТА СОСТОЈБА УТВРДЕНА СО ПОПИСОТ НИЗ ПРИЗМА НА ДАНОЧНАТА РЕГУЛАТИВА

Стопанската комора на Северна Македонија, на 29 ноември 2022 година, организира еднодневен „он-лајн" семинар на тема: „ НАЧИНОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ПОПИС НА СРЕДСТВАТА И ОБВРСКИТЕ И УСОГЛАСУВАЊЕ НА СМЕТКОВОДСТВЕНАТА СО ФАКТИЧКАТА СОСТОЈБА УТВРДЕНА СО ПОПИСОТ НИЗ ПРИЗМА НА ДАНОЧНАТА РЕГУЛАТИВА", со цел стекнување на практични и теоретски знаења за правилната примена на лигислативата која го уредува пописот како значаен дел од аспект на билансните позиции и даночната регулатива.

Нецелосно или формално спроведен попис доведува најзначаните билансни позиции да се погрешни и неосновано искажани, што од друга страна се рефлектира на реално и објективно искажување на податоците во финансиските извештаи кое пак има влијание на преценување или подценување на добивката односно загубата од што може да произлезат одредени санкции како прекршочни така и кривични.

На сите учесници ќе им се овозможи правилно да се едуцираат и да ги применуваат законските одредби пред се за законски исправна сметководствена документација како веродостоен доказ за економската активност и регулативата за извршување попис со што ризикот ќе го сведат на минимум за изречување глоби при инспекциски надзори и трпење на прекршочни/кривични санкции.

Обврската за изврршување на попис ќе биде објаснета и согласно Законот за трговски друштва, одговорностите, презентација во судски постапки како и казнenените одредби.

На семинарот ќе бидат образложени сите можни сценарија односно практични примери за сметководствената евиденција на разликите од пописот согласно даночната регулатива, и презентирани примери за интерните акти кои се задолжителна документација во процесот на отпочнување, текот и завршување на пописот.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

Семинар
29.11.2022

# „Он-лајн“ еднодневен семинар:X ФАКТОР ВО ПРОДАЖБА - КОНЦЕПТ НА ОДРЖЛИВА ПРОДАЖБА

Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со D.R Gilbert Centar Group DOO од Белград, Р.Србија 28 октомври 2022 година организира еднодневен „он-лајн“ семинар на тема: X ФАКТОР ВО ПРОДАЖБА - КОНЦЕПТ НА ОДРЖЛИВА ПРОДАЖБА- .

Тренер/предавач на Академијата за менаџерски вештини Драгиша Ристовски (D.R Gilbert), со повеќе од 25-годишно практично работно искуство на различни позиции – од комерцијалист на терен до директор. Како тренер за работни вештини почнува да работи од пред 15 години, а денес е експерт за директна продажба, преговарање, мотивација на вработените и за лидерство. Автор е на 15 книги, меѓу кои бестселерите „Губат само оние кои не играат“ и „Арена за продажба“, објавени под псевдонимот D.R Gilbert. Подоцна следуваат книгите „Добиваат сите оние кои играат“, „Лидерот е во вас“, „Продажен ринг“, „Мапа на успехот“, „Вештина на влијанија“, „Како да ги унапредите своите преговарачки вештини“, „Како да станете ефикасен менаџер за продажба“, „101 техника за влијание“, „21 зошто и само едно како“, „Арена на продажба на 21 век“, „Добар говор вреди повеќе од 1000 зборови“, „Лидерски исчекор во иднината“ и „Еден повик менува сè“. Во работните кругови е познат како енергичен предавач, кој на своите семинари и тренинзи со својата позитивна енергија постојано го задржува вниманието и ги мотивира слушателите.

**Семинарот ќе биде „онлајн“, преку платформата Webex Cisco.**

**Секој учесник добива работен материјал и сертификат за присуство во PDF-формат електронски, пред и по започнувањето на предавањата, како и линк за приклучување на обуката преку апликацијата Webex Cisco.**

**Цената за котизацијата на Академијата за менаџерски вештини е 5.000 денари, плус 18 % ДДВ по учесник. Работен јазик и материјали: српски јазик.**

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Семинар
30.11.2022

# ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ И НАЈЧЕСТИ ПРОПУСТИ ПРИ СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ

Обуката Практична примена на Законот за јавните набавки и најчестите пропусти при спроведување на постапките има за цел да ги опфати сите поединечни фази и сегменти во спроведувањето на јавните набавки, при што фокусот ќе биде ставен на пропустите кои ги прават договорните органи при изготвувањето на тендерската документација, како и на евалуацијата на понудите.

Обуката има за цел да даде практичен придонес во правилното спроведување на јавните набавки како и дилемите кои се јавуваат во секојдневното спроведување на јавните набавки и изготвувањето на понудите од страна на економските оператори, како и истите ќе се детектираат преку споредување на дадените позитивни законски решенија со посебен акцент на примери од праксата.

Предавачи:

Савка Нејковска-Тасева – вработена во Државната комисија за жалби по јавни набавки, со повеќе од десет години работно искуство во областа на јавните набавки и сертифициран обучувач од областа на јавните набавки и

Златко Ќиќерковски вработен во Државната комисија за жалби по јавни набавки, со повеќе од десет години работно искуство во областа на јавните набавки и сертифициран обучувач од областа на јавните набавки.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

**Семинар 01.12.2022**

# КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГИТЕ НА ОПЕРАТИВЕН ЦЕНТАР ЗА САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ НА УСОГЛАСЕНОСТ СО ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

„Онлајн"-семинарот од областа на заштита на личните податоци има за цел да опфати две значајни теми:

1. Презентација на поимот и услугите на оперативен центар за сајбер безбедност
2. Како да се добие ефикасно и економски исплатливо решение за практикувањето на приватноста со техничките и организациски мерки преку оперативен центар за сајбер безбедност

Во сајбер светот во кој ниеден бизнис/компанија/правно лице не е изоставено, постојат многу регулативи и закони кои налагаат користење сајбер безбедност. Трошоците и времето за добивање на сајбер безбедност се зголемуваат со новите технологии само доколку не се прифатат истите како можност за нивна употреба. Да се поседува опрема/софтвер/човечки капацитети претставува значителен трошок, затоа правните лица започнаа со користење на добавувачи на ИТ услуги кои ќе ги намалат иницијалните почетни трошоци и ќе овозможат веднаш користење на ИТ сервисите за нивни цели. Во иста насока се движи и сајбер безбедноста каде добавувачите на ИТ услуги почнуваат со нивниот нов сервис "оперативен центар за сајбер безбедност".

Тука ќе се запознаеме со овој нов сервис наречен "оперативен центар за сајбер безбедност" во поглед на неговите можности и видови на услуги на техничко, но и значителен дел на бизнис ниво.

Предавач:

- М-р Мане Пиперевски – Експерт и консултант за сајбер безбедност и заштита на личните податоци со 15 години интернационално практично искуство

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
 ++ 389 2 3244057
 anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
 ++ 389 2 3244074
 beti@mchamber.mk



**Форум 07.12.2022**

# Покана за учество на МАКЕДОНСКО-БУГАРСКИ БИЗНИС-ФОРУМ И БИЛАТЕРАЛНИ СРЕДБИ хотел „Double tree by Hilton" – Скопје

Во насока на продлабочување и на интензивирање на соработката меѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија, Стопанската комора на Северна Македонија и Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија ве поканувaат на бизнис-форум и на билатерални средби меѓу компании од двете земји.

Македонско-бугарскиот бизнис-форум и билатералните средби ќе се одржат на 7 декември (среда) 2022 година во хотелот „Double tree by Hilton" – Скопје, со почеток во 09:00 часот.

Настанот е поделен на три панел-дискусии, на кои ќе бидат покриени следните сектори:

- енергетика и инфраструктура;
- прекугранична соработка во делот на земјоделството и руралниот туризам (геотермални води, СПА, медицински туризам);
- ИТ и индустриски развој.

Сите заинтересирани компании можат да го пријават своето учество за настанот кај лицата за контакт најдоцна до 6 декември 2022 година (вторник), со пополнување на пријавниот лист во прилог.

Контакт лица:
м-р Ивана Анчев
 ++ 389 2 3244051
 Ivana@mchamber.mk

м-р Сања Николова
 ++ 389 2 3244091, М. 071 230 452
 sanja@mchamber.mk

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

Посетете:
www.mchamber.mk

Ве очекуваме!

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

100
години

Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел.: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088